# ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

("Службен весник на РМ", бр. 37/97 од од 31 јули 1997 год., У. суд - 4/98 од 27 јануари 1998 год.)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат прашањата за размена на трудот, правата и обврските на работодавците, невработените лица и државата, во врска со вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и други прашања од значење за вработувањето.

### Член 2

Работодавец, во смисла на овој закон, е правно и физичко лице кое вработува работници (во натамошниот текст: работодавец).

### Член 3

Основни задачи на размената на трудот се:

- евидентирање на работодавците и нивните потреби од работници;

- примања на понуди за слободни работни места од работодавците и идентификување на потребите на работодавците според условите во искажаните потреби од работници;

- евидентирање на невработените лица според нивните квалификации, знаења и искуства;

- споредување на потребите на работодавецот со квалификацијата, знаењето и искуството на невработените лица;

- обезбедување информации на работодавецот и на невработените лица за пазарот на трудот;

- упатување на невработените лица на обука, преквалификација или доквалификација за вработување;

- помош на работодавците при вработување на невработени лица со поволни услови;

- обезбедување посебни услуги за вработување на невработените инвалидни лица;

- професионална ориентација на невработените и други лица заради избор на занимање или вработување по пат на тестирање и разговор;

- следење на искажаните нереализирани потреби од работници кај работодавецот;

- истражување, следење и анализирање на појавите и движењата на пазарот на трудот:

- обезбедување стручна и географска мобилност на работната сила заради усогласување на понудата и побарувачката од работна сила во Република Македонија и странство;

- воспоставување и одржување на добри односи и соработка на Заводот за вработување на Република Македонија со работодавците и лицето кое донесува одлуки за избор при вработување и

- обезбедување права по основа на осигурување во случај на невработеност.

### Член 4

Стручните, организациските, административните и други работи што се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност ги врши Заводот за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Завод), како јавна установа.

**Член 5**

Дејноста на Заводот е од јавен интерес.

## II. РАЗМЕНА НА ТРУДОТ

### 1. УСЛУГИ ОД РАЗМЕНА НА ТРУДОТ

### ЗА РАБОТОДАВЦИТЕ

**Член 6**

Работодавецот потребата од работник може да ја задоволи со обезбедување работник од страна на самиот работодавец без огласување и со склучување и заверка на договор за работа во согласност со закон.

**Член 7**

Работодавецот потребата од работник може да ја задоволи со посредување на Заводот преку доставување пријава за потреба од работник до Заводот.

Заводот е должен доставената пријава веднаш и бесплатно да ја огласи во Заводот заради информирање на невработените и други лица кои бараат работа.

Работодавецот е должен во пријавата да ги наведе работното место, условите што се бараат за работното место, времето на траење на огласот и времето кога работодавецот ќе врши избор.

Заинтересираните невработени и други лица кои бараат работа на објавениот оглас во Заводот се пријавуваат кај работодавецот по рокот утврден во огласот.

**Член 8**

Работодавецот потребата од работник може да ја задоволи со објавување јавен оглас во дневниот печат.

Трошоците за објавување на јавниот оглас во дневниот печат се на товар на работодавецот.

Работодавецот е должен во огласот да ги наведе работното место, условите што се бараат за работното место, времето на траење на огласот и писмото во кое работодавецот ќе врши избор.

Заинтересираните невработени и други лица на објавениот јавен оглас во дневниот печат се пријавуваат кај работодавецот во рокот утврден во јавниот оглас.

**Член 9**

Работодавецот потребата од работник може да ја задоволи и преку агенција за посредување при вработување со наплата од работодавецот, во согласност со договор склучен меѓу работодавецот и агенцијата.

### Член 10

Работодавецот потребата од работник може да ја задоволи со посредување на Заводот преку упатување на лице за вработување од евиденцијата на невработените лица кај работодавецот.

Упатувањето од евиденцијата на невработените лица, се врши со пребарување по досиеата на невработените лица во Заводот, заради пронаоѓање невработени лица, според нивните стручни способности знаења и искуства и работите што можат и бараат да ги работат и условите за искажаните потреби од работници.

### Член 11

Посредувањето за вработување има за цел да им помогне на работодавците да ги пополнат слободните работни места со квалификувани работници, а на невработените и други лица кои бараат работа да им помогне во вработувањето.

Посредувањето за вработување опфаќа стручни, организациски, административни и други работи на Заводот, со кои се обезбедуваат услуги на работодавците и на невработените и други лица кои бараат работа, во размената на трудот.

### Член 12

Услугите од размената на трудот на работодавците од страна на Заводот со состојат особено во:

- прием на понуди за слободни работни места од работодавците и идентификување на нивните потреби;

- огласување на пријавите за потреба од работник во Заводот;

- наоѓање најквалификувано невработено лице од евиденцијата на невработените лица од страна на Заводот кое најдобро одговара на условите и барањата на работодавецот со пребарување во евиденцијата на невработените лица според занимањето, образованието, обуката, работното искуство и други посебни знаења на кандидатот и негово упатување кај работодавецот за вработување;

- идентификување на невработеното лице според неговиот однос кон и во текот на работата за времето додека било во работен однос (редовност на работа, награди и слично);

- помош на работодавецот во организирање на обука, преквалификација или доквалификација на невработените лица според нивното образование и способности за потребите на работодавецот:

- информации за состојбите и движењата во стопанството, вработувањето и невработеноста;

- совети за примена на законите и другите прописи;

- советување и услуги на работодавците за можностите, условите, предностите и поволностите при вработување на невработени лица и

- информирање за можностите, начинот и постапката за вработување на странски државјани во Република Македонија и на наши работници на работа во странство.

## 2. СОВЕТИ НА РАБОТОДАВЦИТЕ ЗА ЗАКОНИТЕ И

## ДРУГИТЕ ПРОПИСИ И НИВНАТА ПРИМЕНА

### Член 13

Заводот дава совети за:

- содржината на законите и други прописи и нивни измени и дополнувања;

- правата, обврските и одговорностите на работодавците и работниците, заради правилна примена на прописите и заштита на правата на работодавците и работниците;

- обука на работодавците за начинот на пополнување и доставување на обрасците и документите што треба да ги достават до Заводот и

- начинот на објавување на слободните работни места и начинот за пријавување и одјавување на работниците во Заводот.

## 3. ОБУКА, ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА ИЛИ ДОКВАЛИФИКАЦИЈА

### Член 14

Заводот ги утврдува потребите на работодавецот од работници и на невработените лица за вработување што треба да се вработат со обука, преквалификација или доквалификација и ги информира невработените лица и работодавците за потребите, условите и начинот на организирање на обука, преквалификација или доквалификација.

### Член 15

Со обука, преквалификација или доквалификација, се овозможува стекнување и дополнување на знаењата, на невработените лица ако со тоа се обезбедува вработување.

Обуката, преквалификацијата или доквалификацијата се врши според програми во јавни и приватни установи од областа на образованието, односно кај работодавец.

### Член 16

Координирањето на обуката, преквалификацијата или доквалификацијата во јавните и приватните установи од областа на образованието на лицата за време на обуката, преквалификацијата или доквалификацијата го врши Заводот.

## 4. СОВЕТУВАЊЕ НА РАБОТОДАВЦИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА

## НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА СО ПОВОЛНИ УСЛОВИ

### Член 17

Советувањето на работодавците за вработување на невработени лица со пополни услови опфаќа:

- услуги на работодавецот за можностите, условите и начинот на обезбедување на поволности за вработување на инвалидни лица, лица на кои работниот однос им престанал поради стечај или поради економски, технолошки, структурални или слични промени кај работодавецот, невработени лица кои подолго чекаат за вработување и лица од дефицитарни занимања, со упатување од страна на Заводот во согласност со договор со работодавецот;

- услуги на работодавецот во обезбедување на потребите од вработување со пребарување во евиденцијата на невработените инвалидни лица, на лица кои останале без работа поради стечај или економски, технолошки, структурални и слични промени кај работодавецот и невработени лица кои подолго време чекаат вработување со обука, преквалификација или доквалификација за вработување;

- услуги на работодавецот за условите и начинот на обезбедување на поволностите при вработувањето на невработените лица:

- организирање на средби и разговори од страна на Заводот со работодавците и невработени лица (саеми на работна сила), за условите и

- информирање на работодавците и обезбедување услуги за вработување на работници со дефицитарни занимања, со упатување на невработено лице од една во друга подрачна единица на Заводот, со организирање на обука на дополнителни или посебни знаења на одделни невработени лица или со обука, преквалификација или доквалификација на невработени лица.

## 5. ОДНОСИ НА ЗАВОДОТ СО РАБОТОДАВЦИТЕ

### Член 18

Заводот заради задоволување на потребите од работници и обезбедување услуги на работодавците, донесува програма.

Со програмата од став 1 на овој член се обезбедува: идентификување на работодавците од подрачјето на подрачната единица на Заводот и собирање податоци за работодавците, водење регистар на работодавци, развивање и одржување врз основа на точни и навремени податоци за работодавците од пазарот на трудот, приоритет на контакти со работодавци кај кои има потреба од поголем број работници со упатување од Заводот, планирање на активности на Заводот со работодавците и создавање план за маркетинг кај работодавците.

Начинот и постапката за остварување на програмата од став 1 на овој член ги утврдува Заводот.

## 6. УСЛУГИ ОД РАЗМЕНАТА НА ТРУДОТ НА

## НЕВРАБОТЕНИТЕ И ДРУГИ ЛИЦА ШТО БАРААТ РАБОТА

### Член 19

Услугите од размената на трудот за невработените и други лица што бараат работа од Заводот се состојат особено во:

- собирање информации од невработеното лице при пријавувањето во Заводот за пополнување на обрасци и документи, со разговор-интервју на невработеното лице со одговорно лице во Заводот;

- прибирање податоци од невработеното лице за неговите квалификации, знаења и способности, заради селекција и упатување на работно место;

- процена на потребите на невработеното лице од услугите во Заводот;

- информирање на невработеното лице за времето и начинот на пријавување по Заводот;

- обезбедување информации на невработените и други лица за видот на услугите и начинот што можат да ги добијат од Заводот;

- евиденција на невработените лица во Заводот заради вработување или остварување на права по основа на невработеност;

- советување и упатување на невработените и други лица кои бараат работа за професионална ориентација заради избор на занимање или вработување по пат на тестирање и разговор;

- пребарување по досиеата на невработените лица, заради пронаоѓање квалификувани невработени лица, според стручните способности, односно работите што можат и бараат да ги работат;

- обезбедување информации на невработените и други лица кои бараат работа за слободните работни места од одговорното лице во Заводот во врска со вработувањето;

- разговор и упатување на невработените лица до работодавецот кој пријавил потреба од работници;

- давање совети на невработените и други лица кои бараат работа како сами да бараат работа преку огласи, контакти со работодавците и на друг начин;

- тестирање и советување на невработените и други лица кои бараат работа за избор на занимање за кое лицето има најмногу интерес и способности, за кое се бара и занимање кое одговара на знаењето и способностите на лицето;

- организирање на обука и давање совети за надоградување на способностите на невработените лица, заради вработување;

- давање услуги на невработените лица во работни клубови за пренесување знаења и техники за наоѓање работа;

- координирање на обуката, преквалификација и доквалификација во јавните и приватните установи од областа на образованието на лицата за време на обуката, преквалификацијата или доквалификацијата;

- барање работни места за невработени лица со високи квалификации, за невработени инвалидни лица и лица кои подолго време чекаат вработување;

- информации за дефицитарните занимања и за можности за вработување;

- издавање работна книшка на невработените и други лица и

- одржување и чување на евиденцијата на невработените лица.

Начинот на пријавувањето на невработените лица поблиску се уредува со акт на Заводот.

## 7. ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА

## НЕВРАБОТЕНИТЕ И ДРУГИ ЛИЦА КОИ БАРААТ РАБОТА

### Член 20

Под професионална ориентација, во смисла на овој закон се подразбира, помошта која Заводот ја дава на невработените и други лица кои бараат работа за избор на занимање или вработување по пат на тестирање и разговор и информирање за потребите од одделни занимања и можностите за вработување.

Професионалната ориентација го опфаќа и индивидуалното советување при избор на занимање според желбите, интересот и способностите на лицата за одредено занимање и потребите и можностите на пазарот на трудот.

**Член 21**

Советување за професионална ориентација се дава на невработени лица, ученици, студенти, вработени и инвалидни лица, ако тоа е од значење за избор на нивното занимање и професионалниот развој.

**Член 22**

Советување за професионална ориентација врши Заводот на чие подрачје лицето кое бара совет има живеалиште.

За учениците од завршните години на сите степени на образование советување за професионална ориентација врши Заводот на чие подрачје се наоѓа образовната установа.

**Член 23**

За учениците од завршните години на основното и средното образование Заводот е должен, во соработка со надлежните установи од областа на образованието, да организира советување во врска со изборот на занимање преку: предавања од научни и стручни работници, посета на изложби, филмски претстави, посета на претпријатија во врска со вработувањето, установи и друго.

**Член 24**

Заводот по извршеното индивидуално советување и тестирање за избор на занимање врз основа на посебните квалитети, знаења, интереси и склоности на ученикот, му препорачува избор на најсоодветен вид занимање.

**Член 25**

Користењето на услугите на советување за професионална ориентација е бесплатно и се врши на начин утврден со акт на Заводот, во согласност со овој закон.

## 8. ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**Член 26**

Посредување за вработување врши Заводот.

Посредувањето за вработување Заводот го врши бесплатно и се спроведува непристрасно, под услови и на начин утврдени со овој закон.

**Член 27**

Агенција за посредување за вработување во земјата со наплата, може да основа лице кое е државјанин на Република Македонија, има најмалку ВИ степен стручна подготовка и располага со погодни работни простории во согласност со закон.

Лицата кои работат на посредување за вработување во агенцијата од став 1 на овој член, треба да имаат најмалку ВИ стелен стручна подготовка.

Одобрение за вршење на посредување за вработување со наплата дава министерот надлежен за работите на трудот.

Одобрението за вршење на посредување за вработување со наплата се одзема ако се утврди дека посредувањето се врши спротивно на закон.

Министерството надлежно за работите на трудот врши увид во работењето на агенциите од став 1 на овој член.

На странци може да се одобри посредување со наплата, само ако со државата чии државјани се, постои реципроцитет во вршење на посредување за вработување со наплата.

Министерството надлежно за работите на трудот води евиденција за издадените одобренија за вршење на посредување за вработување со наплата.

**Член 28**

При посредувањето за вработување, Заводот и агенцијата за посредување за вработување се должни да се раководат особено од:

- почитување на искажаните потреби од работодавците за работници и посебните услови утврдени во искажаните потреби;

- невработеното лице не може да биде принудено да ја прифати понудената работа;

- работодавецот не може да се принуди да ја вработи понудената работна сила;

- Заводот е должен навремено и правилно да ги информира невработените лица за слободните работни места, а на работодавците да им ја понуди бараната работна сила;

- да се имаат предвид, образованието и поранешната работа во занимањето, знаењата, способностите, желбите, психо-физичките можности на невработените лица, како и потребите, карактерот и особеностите на работното место;

- невработените лица можат да се вработуваат на работи кои одговараат на нивните психо-физички способности, на кои не им е загрозено здравјето и кои ќе добијат плата според договорот за работа и

- да не се навредува достоинството и моралот на невработеното лице, со право на граѓанска тужба.

**Член 29**

Забрането е посредување за вработување кое не е во согласност со одредбите на овој закон.

**Член 30**

Посредувањето за вработување го спроведува Заводот на чие подрачје е седиштето на работодавецот, односно местото на работењето на работодавецот.

**Член 31**

Посредувањето за вработување Заводот, го започнува по поднесена пријава од работодавецот.

Пријавата за потреба од работник ги содржи условите што се бараат за работното место и начинот на пополнувањето на слободното работно место.

**Член 32**

Заводот врз основа на пријавената потреба од работник кај работодавецот упатува невработени лица од евиденцијата на невработените.

**Член 33**

Работодавецот може да бара Заводот да му упати од едно до пет невработени лица за секоја пријавена потреба од работник заради избор на работник.

**Член 34**

Пребарувањето по досиеата на невработените лица го врши Заводот заради наоѓање на невработени лица од евиденцијата кои одговараат на условите од пријавата за потреба од работник.

**Член 35**

При споредувањето се поаѓа од шифрата на занимање, образованието, квалификацијата, односно степенот и видот на стручната подготовка на невработеното лице, работното искуство, другите посебни знаења на невработеното лице (познавање на странски јазик), спремност за прифаќање на вработување со обука, преквалификација или доквалификација, услови за работа, место на работа, траење на работниот однос, посебна опрема со кое невработеното лице работело и ќе работи.

**Член 36**

По извршеното пребарување и споредување по досиеата на невработените лица, Заводот утврдува листа на можни кандидати кои најдобро одговараат на условите од пријавата за потреба од работник.

По составувањето на листата пред нејзиното доставување до работодавецот, проверка на листата со податоците врши раководителот на подрачната единица на Заводот.

**Член 37**

Одговорното лице за посредување во Заводот од утврдената листа одбира до пет кандидати кои најдобро одговараат на условите во пријавата за потреба од работник.

**Член 38**

За упатување од редот на невработените лица, Заводот покрај работодавецот, истовремено на најбрз можен начин го известува и невработеното лице кое го упатил кај работодавецот и за местото и времето на јавување кај работодавецот.

**Член 39**

Доколку Заводот не може да утврди дали лицето одговара на искажаната потреба од работник, може да го повика невработеното лице на дополнителен разговор, заради поконкретно утврдување на условите.

**Член 40**

Доколку упатеното невработено лице не се јави кај работодавецот или пак го одбие понуденото вработување, се информира одговорното лице за евиденција заради преземање мерки во согласност со овој закон.

**Член 41**

Доколку работодавецот не изврши избор од лицата упатени од Заводот, Заводот ќе бара од работодавецот да го информира за причините за неизвршениот избор и за тоа колку лица дополнително да му упати, заради избор за вработување, се до наоѓање и упатување на најсоодветни невработени лица.

**Член 42**

Доколку работодавецот не изврши избор од дополнително упатените лица од Заводот, Заводот му нуди обезбедување на работник по пат на обука, преквалификација или доквалификација и негова согласност за мерките што ќе ги преземе за обезбедување на потребата од работник.

**Член 43**

Врз основа на пријавена потреба од работници, Заводот го известува работодавецот кој пријавил работници за чија работа престанала потребата поради економски, технолошки, структурални или слични промени, за можностите за вработување на овие работници кај друг работодавец.

**Член 44**

Посредувањето за вработување опфаќа и посредување за невработени и други лица кои бараат работа од Република Македонија во странство и од странство во Република Македонија кое се врши во согласност со овој и друг закон.

**Член 45**

Во постапката за посредување при вработување во странство, Заводот ги известува работниците за условите за живот и работа, за правата и обврските на работникот во странство, посебните права и обврски од работен однос и дава помош во остварувањето на правата по основа на осигурување во случај на невработеност, по враќањето на работникот од работа во странство.

**Член 46**

Посредувањето за вработување се врши по единствен систем на информирање за потребите, можностите и условите за посредување при вработување во Заводот.

## III. ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТОДАВЦИ И

## НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА

**Член 47**

Заради задоволување на потребите на работодавците од работници, вработувањето на невработените лица и остварувањето на правата по основа на невработеност, во согласност со овој закон и Законот за евиденција во областа на трудот, Заводот води евиденција на:

- работодавците;

- невработените лица;

- корисниците на паричен надоместок по основа на невработеност;

- странските државјани вработени во Република Македонија и

- државјаните на Република Македонија на работа во странство, со посредување на Заводот.

**Член 48**

Евиденциите од член 47 на овој закон ги води Заводот на чие подрачје е седиштето на работодавецот, односно живеалиштето на невработеното лице.

## 1. ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТОДАВЦИТЕ

### Член 49

Заводот води регистар на работодавците.

Регистарот содржи податоци за работодавецот, неговите потреби од работници и видот на услугите што сака да ги користи во Заводот.

### Член 50

Регистарот на работодавците содржи податоци особено за: називот - фирмата на работодавецот, седиштето и адресата, видот на сопственост, матичниот број од единствениот регистар на работодавците, шифрата на дејноста и видот на дејноста, број на вработени, личноста за контакт кај работодавецот, потребите од работници и видот на услугите што сака да ги користи во Заводот.

### Член 51

Работодавецот е должен да ги пријави на Заводот:

- секое засновање на работен однос и
- секој престанок на работен однос.

## 2. ЕВИДЕНЦИЈА НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА

### Член 52

Заводот води евиденција на невработените лица според единствениот матичен број на граѓанинот.

### Член 53

Невработено лице, во смисла на овој закон, е лице кое е пријавено во Заводот, е способно и сака да работи и активно бара работа во последните два месеци.

Под активно барање работа, во смисла на став 1 од овој член се смета ако невработеното лице редовно се пријавува во Заводот во роковите утврдени со овој закон и достави доказ дека се пријавувало на огласи кај работодавец или во Заводот.

### Член 54

Како невработено лице не се смета лице:

- во работен однос;

- корисник на пензија;

- вршител на занаетчиска, односно професионална дејност;

- сопственик или основач на трговско друштво, претпријатие и друго правно лице;

- вршител на земјоделска, сточарска или друга дејност од која остварува приход во семејството кој просечно месечно не е понизок од просечната месечна нето плата по работник во нестопанството на Република Македонија, остварена во последните три месеци и

- кое не прифаќа обука, преквалификација или доквалификација на која ќе го упати Заводот или одбие да се јави или одбие да заснова работен однос кај работодавецот кај кого го упатил Заводот.

**Член 55**

Невработеното лице лично се пријавува во Заводот на чие подрачје има постојано место на живеење заради воведување во евиденцијата на невработените лица.

Странец може да се пријави како невработено лице ако има одобрение за постојан престој.

**Член 56**

Невработеното лице кое остварува право на паричен надоместок и право за здравствена заштита е должно лично да се јавува во Заводот на секои 30 дена и да докаже дека активно бара работа во последниот месец, на начин утврден со акт на Заводот.

Невработеното лице кое нема да ја исполни обврската од став 1 на овој член во рок од 30 дена по истекот на рокот за јавување, од неоправдани причини го губи правото на паричен надоместок и здраствена заштита и се брише од евиденцијата на невработените лица во Заводот и може повторно да се пријави по истекот на две години.

**Член 57**

Невработеното лице кое од Заводот е упатено кај работодавец заради вработување и не се јави или одбие да заснова работен однос соодветен на неговата стручна подготовка или одбие обука, преквалификација или доквалификација заради вработување во рамките на степенот на неговата стручна подготовка, се брише од евиденцијата на невработените лица и може повторно да се пријави по истекот на две години.

**Член 58**

Невработеното лице е должно да се јавува во Заводот на секои шест месеци и да го извести Заводот за видот на услугите што ги бара од Заводот.

Ако невработеното лице од став 1 на овој член од неоправдани причини не се јави во Заводот, се брише од евиденцијата на невработените лица и може повторно да се пријави по истекот на две години.

**Член 59**

Евиденцијата на невработеното лице престанува да се води ако лицето:

- се одјави;

- заснова работен однос;

- основа трговско друштво, претпријатие или друго правно лице;

- врши занаетчиска, односно професионална дејност;

- потполно ја загуби работната способност;

- исполни услови за пензија;

- отпочне да издржува казна затвор подолга од шест месеци;

- не се пријави во утврдениот рок или не се јави на покана од Заводот од неоправдани причини;

- не го извести Заводот за промените што влијаат на стекнувањето и губењето на правата;

- на странец му престане одобрението за постојан престој;

- отпочне да врши земјоделска, сточарска или друга дејност од која остварува приход во семејството, кој просечно месечно не е понизок од просечната плата по работник во стопанството во Република Македонија, објавена во последниот месец и

- од страна на инспекциски орган се затекне да работи кај работодавец спротивно на законот.

**Член 60**

Работодавецот е должен да го одјави работникот во Заводот веднаш по престанокот на работниот однос.

Во случај кога работодавецот од оправдани причини не го одјави работникот одјавувањето се врши со денот на поднесување на решението за престанок на работниот однос.

**Член 61**

Министерството надлежно за работите на трудот, ја пропишува содржината и начинот на водењето на евиденцијата од областа на трудот, роковите и начинот на пријавување во Заводот, како и упатство и обрасци за водење на евиденцијата.

## IV. ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

**Член 62**

Работниците кои се во работен однос, задолжително се осигурени во случај на невработеност.

**Член 63**

Во случај на невработеност можат да се осигуруваат и:

- државјани на Република Македонија на работа во друга држава, а кои по своето враќање во нашата земја не можат да ги остварат правата во случај на невработеност по друга основа и

- брачните другари на државјаните на Република Македонија, на работа во друга држава, а кои биле во работен однос пред заминувањето во странство.

Основицата за стекнување на правата од осигурувањето во случај на невработеност, за лицата од став 1 на овој член ја утврдува со акт Заводот.

## 1. ПРАВА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 64**

Права од осигурување во случај на невработеност, според овој закон се:

1) паричен надоместок;

2) подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација);

3) право на здравствена заштита, во согласност со прописите за здравствена заштита;

4) право на пензиско и инвалидско осигурување, во согласност со прописите за пензиското и инвалидското осигурување и

5) права на инвалидни лица за вработување со поволни услови во согласност со закон.

## 2. ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

### Член 65

Право на паричен надоместок има невработено лице кое било во работен однос најмалку девет месеци непрекинато или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци.

### Член 66

Право на паричен надоместок има невработено лице за времето поминато во работен однос, за кое е уплатуван придонес за вработување и тоа:

- во работен однос со полно работно време;

- во работен однос со неполно работно време, пресметано во полно работно време;

- во работен однос на определено време (сезонска работа) подолго од 40 часа во неделата, ако тоа време му е пресметано во работен стаж и

- за работа во странство.

### Член 67

Право на паричен надоместок не може да оствари невработено лице на кое работниот однос му престанал поради:

- давање писмена изјава на работникот дека сака да му престане работниот однос, освен ако таквата изјава е дадена поради промена на местото на живеење на брачниот другар или склучување на брак;

- спогодбено престанување на работниот однос;

- остварува права од работен однос спротивно на закон;

- престанок на работен однос по сила на закон, освен во случај на престанок на правното лице поради стечај;

- неоправдано изостанување од работа последовно три работни дена или пет работни дена со прекин во текот на една година;

- престанокот на работниот однос со отказ од страна на работодавецот за кршење на работната дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор и договор за работа;

- одбивање да работи на работи на кои е распореден во согласност со закон;

- одбивање да биде преземан со спогодба кај друг работодавец во согласност со закон;

- одбивање обука, преквалификација или доквалификација за друго работно место кај ист или друг работодавец, што му се обезбедува во согласност со закон;

- одбивање да се јави кај работодавецот ако е упатен од Заводот за засновање работен однос;

- одбивање да заснова работен однос кај работодавецот ако го упатил Заводот;

- губење на работната способност согласно со прописите за пензиското и инвалидското осигурување;

- престанок на работниот однос, ако до престанокот на претходниот работен однос дошло по спогодба или со отказ и

- исполнување услови за остварување право на пензија.

По исклучок невработеното лице од став 1 алинеја 14 на овој член, стекнува право на паричен надоместок, ако повторно го исполни условот за тоа право, со тоа што во стаж на осигурување не се засметува времето поминато на работа во претходниот работен однос.

## 3. ВИСИНА НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

### Член 68

Висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 12 месеци пред престанокот на работниот однос за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеци, а 40% за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеци.

Надоместокот од став 1 на овој член не може да изнесува повеќе од просечната месечна нето плата по работник во нестопанството на Републиката, објавена за последниот месец.

### Член 69

Доколку работникот во последните 12 месеци, за одделен месец или за сите 12 месеци, не примил надоместок на плата согласно со прописите за работните односи, просечната месечна нето плата на работникот за 12 месеци се пресметува врз основа на платата која тој би ја добивал ако би бил на работа.

### Член 70

Паричниот надоместок се усогласува со стапката на пораст на просечната плата остварена во нестопанството во Републиката во претходната година, за корисниците на паричен надоместок над 18 месеци.

## 4. ВРЕМЕ ЗА КОЕ СЕ ИСПЛАТУВА

## ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

### Член 71

Времето за кое се исплатува паричниот надоместок зависи од времето за кое неоработеното лице било осигурано во случај на невработеност.

Паричниот надоместок на невработеното лице се исплатува:

1) три месеци ако има стаж на осигурување најмалку девет месеци во непрекинато траење или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци;

2) пет месеци ако има стаж на осигурување 15 месеци во непрекинато траење или 24 месеци со прекин во последните три години;

3) седум месеци, ако има стаж на осигурување 30 месеци во непрекинато траење или 50 месеци со прекин во последните пет години;

4) девет месеци ако има над пет - десет години стаж на осигурување;

5) дванаесет месеци ако има над десет до петнаесет години стаж на осигурување;

6) петнаесет месеци ако има над 15 до 20 години стаж на осигурување и

7) осумнаесет месеци ако има над 20 до 25 години стаж на осигурување.

На невработеното лице кое има над 25 години стаж на осигурување, паричниот надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок.

**Член 72**

Паричниот надоместок на невработеното лице продолжува да се исплатува и по истекот на времето определено во член 71 на овој закон:

- на жена корисник на паричен надоместок за време на бременост и породување според прописите за работните односи;

- ако Заводот го упатил на обука, преквалификација или доквалификација до истекот на времето определено за тоа и

- ако е привремено спречен за работа, според прописите на здравствената заштита, додека таа спреченост трае.

**Член 73**

Неисплатениот дел од паричниот надоместок, може по барање на невработеното лице да се исплати во месечни рати, доколку средствата се користат за засновање работен однос на неопределено време, но не подолго од 18 месеци.

Засновањето на работниот однос на неопределено време во смисла на став 1 од овој член се врши со посредување на Заводот.

Заводот ќе ја запре исплатата на паричниот надоместок на работодавецот, ако работодавецот на работникот не му ги обезбедува правата од работен однос.

**Член 74**

Паричниот надоместок на невработеното лице му припаѓа од денот на престанокот на работниот однос, ако невработеното лице поднесе барање до Заводот кај кој е уплатуван придонесот за вработување, во рок од 30 дена од денот на престанокот на работниот однос.

Ако невработеното лице поднесе барање по истекот на рокот од став 1 на овој член, паричниот надоместок му припаѓа од денот на поднесувањето на барањето за преостанато време.

Паричен надоместок не му припаѓа на невработеното лице кое поднело барање, по истекот на времето за кое според член 71 од овој закон имало право на исплата на паричниот надоместок.

**Член 75**

Исплата на паричен надоместок на невработеното лице се запира за време на:

- отслужување или дослужување на воениот рок;

- издржување казна затвор до шест месеци и

- работно ангажирање над 30 дена за вршење на јавни работи.

По престанокот на причините од став 1 на овој член, продолжува исплатата на паричниот надоместок за преостанатото време за кое на невработеното лице му е признато право на паричен надоместок.

**Член 76**

Невработеното лице на кое работниот однос му престанал 30 дена пред неговото одење на отслужување односно дослужување на воениот рок, има право на паричен надоместок ако поднесе барање до Заводот, во рок од 30 дена по враќањето и ако ги исполнува условите пропишани со овој закон.

**Член 77**

Правото на паричен надоместок на невработеното лице му престанува ако:

- заснова работен однос;

- основа трговско друштво, претпријатие или друго правно лице;

- врши занаетчиска или друга професионална дејност;

- одбие вработување со полно или скратено работно време, кое не е помало од половината од полното работно време, а е соодветно на неговото образование, знаење и можности;

- одбие обука, оспособување, преквалификација или доквалификација која одговара на неговата стручна подготовка, знаења и способности или по своја вина ја прекине обуката, преквалификацијата или доквалификација;

- исполни услови за стекнување право на пензија или оствари право на пензија;

- невработеното лице од страна на надлежен орган се затекне на работа кај работодавецот;

- ја загуби работната способност;

- неоправдано одбие привремено вработување во исклучителни случаи (поплави, земјотреси, неопходно извршување на земјоделски работи и слично) од страна на надлежен орган кој организира акција за отстранување на последиците или за нивно спречување;

- одбие работно ангажирање за вршење на јавни работи;

- одбие вработување на работно место за кое се бара пониска стручна подготовка од неговата, а ако непосредно пред да остане невработен, со своја согласност, работел на такво работно место или изјавил дека прифаќа вработување и на понизок степен на стручна подготовка;

- отпочне издржување на казна затвор, подолго од шест месеци;

- не се јавува во Заводот во утврдениот рок;

- не се јави на покана на Заводот од неоправдани причини;

- невработеното лице активно не барало работа во последниот месец, во согласност со овој закон и

- не го извести Заводот во рок од осум дена за секоја промена која е услов или основа за стекнување, остварување или губење на правото на паричен надоместок.

Осигуреникот кој е вработен со половина од полното работно време согласно со став 1 алинеја 3 на овој член, го задржува правото да биде упатен од страна на Заводот на работно место со полно работно време и право на 50 % од паричниот надоместок.

**Член 78**

Невработеното лице на кое му престанувало правото на паричен надоместок, може да го оствари тоа право ако повторно ги исполни условите за здобивање со право на паричен надоместок, со тоа што во стажот на осигурување не му се пресметува времето поминато во работен однос пред применеот последен паричен надоместок, освен на невработеното лице кое по престанокот на последниот работен однос има над 25 години стаж на осигурување.

Невработеното лице на кое поради засновање на работен однос му престанало правото на паричен надоместок пред истекот на времето за кое имал право, а повторно остане невработен, продолжува да го користи тоа право.

**Член 79**

На невработено лице кое прима паричен надоместок, може времето на примање на паричниот надоместок да се скрати, ако врз основа на авторски договор, вршење на занаетчиски и други работи или на некој друг начин се здобива со приход, кој месечно не е поголем од 80% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството во Републиката објавена за последниот месец.

Банките и институциите за платен промет се должни на барање на Заводот да му доставуваат податоци за исплатите од став 1 на овој член.

## V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ОСИГУРУВАЊЕ ВО

## СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

**Член 80**

Невработеното лице ги остварува правата од осигурување во случај на невработеност во согласност со овој закон и прописите за општа управна постапка.

Правата од став 1 на овој член се остваруваат во Заводот каде што е евидентирано невработеното лице врз основа на поднесено писмено барање.

**Член 81**

За правата утврдени со овој закон во прв степен решава Заводот, а за правата во втор степен одлучува министерството надлежно за работите на трудот.

Жалбата против решението од став 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

**Член 82**

Невработеното лице кое користи права согласно со овој закон е должно да го извести Заводот за сите промени што влијаат на стекнувањето или губењето на правата, најдоцна во рок од осум дена од настанувањето на промените.

Заводот има право да бара враќање на средствата со банкарска камата на средства по видување, исплатени во име на осигурување во случај на невработеност, во случаи кога правото било остварено врз основа на неточни податоци или лицето кое го стекнало тоа право не известило за промените кои влијаат врз остварувањето и престанувањето на правото, односно ако средствата се ненаменски потрошени од страна на работодавецот.

## VI. ЈАВНИ РАБОТИ

**Член 83**

За извршување на работи за одржување и заштита на животната средина и природата, одржување и обновување на јавната инфраструктура и за вршење на работи од јавен интерес на јавни претпријатија кои не спаѓаат во нивните редовни програмски активности и не го нарушуваат редовното вработување на подрачјето на територијата на Република Македонија, односно на подрачјето на општината, можат да се организираат јавни работи.

**Член 84**

Јавните работи се распишуваат јавно и под еднакви услови се достапни за сите невработени.

Програмата за јавни работи ја подготвува организаторот.

Јавните работи ги организираат заинтересираните работодавци од јавниот сектор.

**Член 85**

Во јавните работи заради работно ангажирање се вклучуваат невработени лица кои се пријавени во Заводот.

На лицата за времето на вршење на јавните работи организаторот им обезбедува надоместок за извршената работа, превоз или надоместок за превоз до местото на извршување на работите и назад, исхрана, осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување и друго, под услови и на начин утврдени со договор меѓу организаторот на работите и ангажираните невработени лица.

## VII. ОРГАНИЗАЦИЈА, УПРАВУВАЊЕ И

## РАКОВОДЕЊЕ НА ЗАВОДОТ

### 1. ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 86**

Заводот е јавна установа за територијата на Република Македонија.

Заводот е правно лице.

Седиштето на Заводот е во Скопје .

**Член 87**

Заводот образува единствена стручна служба со подрачни единици-бироа за вработување.

Бирото за вработување може да се основа за подрачјето на една или повеќе општини.

**Член 88**

Организацијата на Заводот, органите, нивната надлежност и начинот на одлучување, како и другите прашања значајни за работата и работењето на Заводот поконкретно се уредуваат со Статутот на Заводот.

Согласност на Статутот и на актите за организација и систематизација на Заводот дава Владата на Република Македонија.

### 2. УПРАВУВАЊЕ

**Член 89**

Со Заводот управува управен одбор.

Управниот одбор е составен од девет члена, од кои седум претставника именува Владата на Република Македонија и по еден претставник од организацијата на работодавците и организацијата на мнозинскиот синдикат, за време од четири години, со право на повторен избор.

**Член 90**

Управниот одбор на Заводот:

- донесува статут и други акти;

- донесува програма и план за работа;

- донесува акти за организација и работа на Заводот и општ акт за систематизација на работите на Заводот;

- донесува финансиски план и усвојува годишна пресметка;

- управува со средствата на Заводот;

- одлучува за преземање мерки за создавање услови за вработување на невработените лица;

- одлучува за користење на средствата на Заводот;

- го следи остварувањето на обврските кои произлегуваат од меѓународни конвенции и меѓудржавни спогодби од областа на вработувањето;

- разгледува прашања, извештаи, информации и други материјали во врска со состојбите и проблемите во областа на вработеноста, вработувањето и неоработеноста и други работи од надлежност на Заводот;

- презема мерки за обезбедување и фуикционирање на информативниот систем во областа на вработувањето;

- основа комисии и други работни тела;

- најмалку еднаш годишно поднесува извештај за својата работа и за работата на Заводот до Владата на Република Македонија и

- одлучува и за други работи утврдени со закон и Статут на Заводот.

**3. РАКОВОДЕЊЕ**

**Член 91**

Со Заводот раководи директор.

Директорот на Заводот го именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на министерот надлежен за работите на трудот.

За директор на Заводот може да биде именувано лице кое има висока стручна подготовка и најмалку пет години работно искуство.

Мандатот на директорот трае четири години, со право на повторен избор.

**Член 92**

Директорот на Заводот ја организира и раководи работата на Заводот, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност, го застапува и претставува Заводот пред трети лица и е одговорен за законитоста на работата на Заводот и врши и други работи во согласност со закон и Статутот на Заводот.

**Член 93**

Директорот може да биде разрешен пред истекот на времето за кое бил именуван:

- на негово барање;

- ако настане некоја од причините поради кои, според прописите за работните односи му престанува работниот однос по сила на закон;

- ако не постапува според законот, Статутот и актите на Заводот или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува спротивно на нив;

- ако со своето несовесно и неправилно работење му предизвика на Заводот значителна штета или ако ги запоставува или не ги извршува своите обврски и поради тоа ќе настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во извршувањето на дејноста на Заводот и

- ако го попречува или на друг начин го оневозможува остварувањето на правата на невработените лица согласно со овој закон.

**VIII. НАДЗОР**

**Член 94**

Министерството надлежно за работите на трудот, врши надзор над спроведувањето на овој закон.

Министерството надлежно за работите на трудот може да запре од извршување општ акт на Заводот, ако не е во согласност со Уставот и закон и во рок од 15 дена ќе покрене постапка пред Уставниот суд на Република Македонија за оцена на уставноста и законитоста на истиот.

**IX. ФИНАНСИРАЊЕ**

**Член 95**

Средствата за финансирање на правата на невработените лица од осигурување во случај на невработеност и на дејноста на Заводот се обезбедуваат од:

- придонесот за вработување што го пресметува и уплатува работодавецот од бруто платата на работникот;

- Буџетот на Република Македонија и

- други извори.

Стапката на придонесот за вработување на предлог на Владата ја утврдува Собранието на Република Македонија.

Средствата од придонесот се уплатуваат на сметка на Заводот.

**Член 96**

Придонесот за вработување работодавецот го уплатува на сметка на Заводот со исплатата на платите.

**Член 97**

Заводот има право кај работодавецот да врши увид во евиденцијата за пресметувањето и наплатувањето на придонесот за вработување.

Ако при пршењето на увидот од став 1 на овој член Заводот утврди дека не е правилно пресметан или наплатен придонесот, поднесува барање до органот за јавни приходи за преземање мерки.

Заводот може да бара и присилна наплата на придонесот за вработување по судски пат според прописите за даноците на граѓаните.

### Член 98

Работодавецот кој ќе вработи работник на неопределено време над бројот на вработените на неопределено време на денот на влегувањето во сила на овој закон, се ослободува од плаќање на персоналниот данок од доход за нововработените работници за време од три години.

За остварување на правото од став 1 на овој член, нововработените работници мора да биле евидентирани како невработени лица во Заводот најмалку една година.

Ако работодавецот го намали бројот на работниците вработени на неопределено време на денот на влегувањето во сила на овој закон, го губи правото од став 1 на овој член и е должен да го плати персоналниот данок од доход за времето за кое го користел правото на ослободување.

Работодавецот кој започнува вршење на дејност како трговец поединец или основа трговско друштво, како и физичко лице кое врши дејност во согласност со закон, има право на ослободување од став 1 на овој член, доколку достави доказ од надлежниот регистарски орган дека пред отпочнувањето на вршењето на дејноста не бил регистриран за вршење на дејност.

## X. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Член 99

Со парична казна од 50.000,00 до 150.000,00 денари ќе се казни за прекршок работодавец ако:

- посредувањето за вработување се врши под услови и на начин спротивно на членовите 26 до 46 од овој закон;

- работодавецот не го пријави секое засновање на работен однос и секој престанок на работен однос (член 51);

- работодавецот не го одјави работникот веднаш по престанокот на работниот однос (член 60) и

- работодавецот не пресметува и не уплатува придонес за вработување (член 97).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице кај работодавецот, како и поединец во вршење на занаетчиска или професионална дејност, со парична казна од 10.000,00 до 30.000,00 денари.

### Член 100

Со парична казна од 10.000,00 до 30.000,00 денари ќе со казни за прекршок одговорното лице во Заводот ако:

- не ја огласи пријавата за потреба од работник во Заводот (член 7 став 2);

- посредувањето при вработување се врши под услови и на начин спротивно на член 26 до 46 од овој закон;

- не го пријави секое засновање на работен однос и секој престанок на работен однос (член 51) и

- воведе во евиденција на невработените, невработено лице пред истекот на рокот утврден во овој закон (членовите 56, 57 и 58).

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 101

Заводот е должен своето работење да го усогласи и да ги донесе актите предвидени со овој закон во рок од три месеци, од денот на неговото влегување во сила.

**Член 102**

Неоработеното лице кое на денот на почетокот на примената на овој закон е корисник на паричен надоместок или друго право, продолжува да го користи тоа право.

Започнатите постапки за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност, ќе се завршат според законот кој важел во моментот на започнувањето на постапката.

**Член 103**

Одредбите на членовите 6 и 9 на овој закон не се однесуваат на јавна установа и друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единица на локалната самоуправа кое вработува работници.

**Член 104**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за вработувањето ("Службен весник на СРМ" број 32/87, 18/89, 36/89, 17/91 и "Службен весник на Република Македонија" број 36/91, 12/93 и 78/93).

**Член 105**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

(Објавен во "Службен весник на РМ" бр.25/2000 од 30.03.2000 год.)

**Член 1**

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" број 37/97), во членот 15 во став 1 по зборот "невработените" се додаваат зборовите: "и други", а зборовите: "ако со тоа се обезбедува" се заменуваат со зборот "заради".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Обуката, преквалификацијата или доквалификацијата се организира и врши во Заводот, односно кај работодавецот, според посебни програми, под услови и на начин утврдени со акт на Заводот."

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Обуката, преквалификацијата или доквалификацијата може да се врши и во јавни и приватни установи од областа на образованието, во согласност со прописите од областа на образованието."

**Член 2**

Во членот 53 во став 2 по зборот "закон" се додаваат зборовите: "и на Објавени огласи за потреба од работници кај работодавец, во средствата за јавно информирање или во Заводот".

**Член 3**

Во членот 67 став 1 алинеите 10 и 11 се бришат.

Во ставот 2 бројот "14" се заменува со бројот "12".

**Член 4**

Во членот 68 во став 1 по зборот "невработеност" се додаваат зборовите: "се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавецот согласно со закон и колективен договор и", а зборовите: "пред престанокот на работниот однос" се бришат.

**Член 5**

Во членот 69 во вториот ред зборот "не" се брише.

**Член 6**

Во членот 71 во став2 точка 7 зборовите: "до 25" се бришат.

Во ставот 3 по зборот "има" се додаваат зборовите: "над 55 години возраст и најмалку 15", а зборовите: "над 25" се бришат.

**Член 7**

Во членот 72 алинеја 2 по зборот "тоа" се става точка, а сврзникот "и" и алинеја 3 се бришат.

**Член 8**

Член 73 се брише.

**Член 9**

Во членот 77 во став 1 по алинеја 3 се додаваат две нови алинеи 4 и 5, кои гласат:

-"одбие да се јави кај работодавецот ако е упатен од Заводот за засновање работен однос;

- одбие да заснова работен однос кај работодавецот ако го упатил Заводот."

Во алинеја 8 која ставува алинеја 10 точката и запирката се бритат и се додаваат зборовите: "со денот на утврдување на изгубената работна способност;".

Алинеите: 4, 5, 6, 7, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 стануваат алинеи: 6, 7, 8, 9, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18.

Во ставот 2 бројот "3" се заменува со бројот "6".

**Член 10**

Во членот 78 во став 1 бројот "25" се брише, а се додаваат зборовите: "55 години возраст и најмалку 15".

Во ставот 2 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "доколку е поповолно за него".

**Член 11**

Во членот 84 став 3 по зборот "организираат" се додаваат зборовите: "единиците на локалната самоуправа и".

**Член 12**

Невработеното лице кое на денот на почетокот на примената на овој закон е корисник на паричен надоместок или друго право, продолжува да го користи тоа право.

Започнатите постапки за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност, ќе се завршат според законот кој важел во моментот на започнувањето на постапката.

**Член 13**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

"Службен весник на Република Македонија"бр.101/2000 од 04 декември 2000 година.

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/97 и 25/2000), во член 90 алинеја 4 се менува и гласи:

"- утврдува Буџет и завршна сметка на Заводот";

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

**Објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.50 од 02 јули 2001 год**

**Член 1**

Во членот 95 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/97, 25/2000 и 101/2000), ставот 3 се брише.

**Член 2**

Членот 96 се менува и гласи:

"Наплатата на придонесот за вработување од работодавецот ја врши Министерството за финансии -Управа за јавни приходи.

Уплатата на придонесот за вработување, за сметка на Заводот за вработување на Република Македонија, ја врши Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, со пренесување на средства на жиро- сметката на Заводот."

**Член 3**

Во членот 99 став 1 броевите: "50.000" и "150.000" се заменуваат со броевите: "200.000" и "300.000", а во ставот 2 броевите: "10.000" и "30.000" се заменуваат со броевите: "40.000" и "50.000".

**Член4**

Во членот 100 став 1 броевите: "10.000" и "30.000 се заменуваат со броевите: "40.000" и " 50.000".

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ**

**Објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.25 од 08 април 2003 год**

член 1

Во законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност (Службен весник на Република Македонија бр. 37/97, 101/2000 и 50/2001) во членот 58 ставот 1 зборот шест се заменува со зборот четири.

член 2

Во членот 67 став 1 алинејата 11 и ставот 2 се бришат.

член 3

Во членот 68 став 2 зборовите нестопанството на се бришат.

член 4

Во членот 70 зборовите во нестопанството се бришат.

член 5

Во членот 71 став 1 точките од 2) до 7) се заменуваат со нови точки 2), 3), 4), 5) и 6) кои гласат:

2) четири месеци, ако има стаж на осигурување 15 месеци во непрекинато траење или 24 месеци со прекин во последните три години:

3) шест месеци, ако има стаж на осигурување 30 месеци во непрекинато траење или 50 месеци со прекин во последните пет години:

4)осум месеци, ако има над пет до десет години стаж на осигурување:

5)единаесет месеци, ако има над дваесет до петнаесет години стаж на осигурување.

6)четиринаесет месеци, ако има над 15 години стаж на осигурување.

член 6

Во членот 79 став 1 зборовите стопанствотот во се бришат, а во ставот 2 зборот Банките се заменува со зборовите Министерство за финансии-Управата за јавни приходи.

член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Весник на Република Македонија.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ

## НА НЕВРАБОТЕНОСТ

(законот е објавен во Службен Весник на РМ бр.37 од14 јуни 2004г.)

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија", број 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001 и 25/2003), во членот 14 се додава нов став 2, кој гласи:

"Агенцијата за вработување врши услуги на обука, преквалификација или докавлификација пред претстанок на работен однос, краторочни обуки за вработување на невработени лица, обука на работно место и обука за учество на невработени лица во јавни работи, самостојно и преку јавни и приватни обезбедувачи на обука, со нивен избор на пат на јавен оглас, под условите утврдени со договор меѓу Агенцијата за вработување и обезбедување на обуката."

Член 2

Во членот 26 став 1 по зборот "вработување" се додаваат зборовите: "во земјата и странство".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Посредување за вработување во земјата и во странство може да врши и агенција за посредување за вработување од членот 27 на овој Закон, под услови и начин утврдени со овој закон."

Член 3

По членот 26 се додаваат три нови члена 26-а, 26-б и 26-в, кои гласат:

"Член 26-а

Посредување за вработување во странство се врши врз основа на билатерален меѓудржавен договор односно спогодба или врз основа на претходно потпишан договор меѓу Агенцијата за вработување, односно агенцијата за посредување за вработување и работодавецот кај кого ќе биде упатено лицето за вработување.

Со договорот меѓу Агенцијата за вработување, односно агенцијата за посредување за вработување и работодавецот кај кого ќе биде упатено лицето за вработување задолжително се утврдуваат условите и начинот во врска со упатувањето и работата на лицето упатено на работа во странство.

Лицето кое се упатува на работа во странство има право на надомест за неисполнетите обврски од страна на работодавецот, односно од Агенцијата за посредување за вработување, согласно со актите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Агенцијата за посредување за вработување пред упатување на лице на работа во странство, со лицето потпишува договор во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски во врска со упатувањето и работата во странство.

Агенцијата за посредување за вработување е должна еден примерок од секој потпишан договор за посредување за вработување во странство да достави до Агенцијата за вработување со денот на потпишувањето на договорот.

Член 26-б

Агенцијата за посредување за вработување посредувањето го врши со наплата на услугите за посредувањето од работодавецот.

Агенцијата од ставот 1 на овој член не може да бара надомест за услугите од лицата кои бараат работа со посредување од истата.

Агенцијата од ставот 1 на овој член се запишува во трговскиот регистар, врз основа на претходно добиено одобрение за вршење посредување за вработување.

Агенцијата за посредување за вработување не може да отпочне со работа пред уписот во трговскиот регистар.

Член 26-в

Агенцијата за вработување и агенцијата за посредување за вработување меѓусебно разменуваат информации за слободните работни места и упатување на невработени лица заради вработување."

Член 4

Во членот 27 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Агенција за посредување за вработување не може да биде основач на трговец поединец или трговско друштво."

Ставот 2 станува став 3.

Во ставот 3 кој станува став 4 точката се заменува со запирка и се додават зборовите: "со важност од две години, со можност за продолжување".

Во ставот 4 кој станува став 5 по зборот "наплата" се додават зборовите: "не може да се пренесе во целост или делумно на трето физичко или правно лице и".

Ставовите 5, 6 и 7 стануваат ставови 6,7 и 8.

Член 5

Членот 53 се менува и гласи:

"Невработено лице, во смисла на овој закон, е лице кое:

1) не е вработено;

2) е пријавено во Агенцијата за вработување;

3) е способно и сака да работи;

4) активно барало работа во изминатите 30 работни дена и е на располагање на берзата на трудот да започне со работа во следните 15 дена:

5) не одбило соодветна понуда за врботување и

6) на кое работниот однос не му престанал по негова волја.

Под активно барање работа се подразбира редовно пријавување во Агенцијата за вработување во роковите утврдени со овој закон, се јавува на покана од Агенцијата за вработување, заради советување,а присуство на состаноци и интервјуа, доставување на потребни документи, упатување кај работодавци заради вработување и разговори во врска со искажаните потреби и условите за вработување и упатување кај работодавци, здруженија на работодавци и институции заради вклучување во обука, преквалификација или доквалификација заради вработување."

Член 6

Во членот 54 алинеја 5 по зборот "дејност" се става точка а другите зборови до крајот на реченицата се бришат.

По алинеја 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

"- кое работно е ангажирано или врши дејност, спротивно на закон".

Член 7

Во членот 56 став 1 по зборот "дена" се става запирка и се додаваат зборовите: "а лице кое користи само право за здравствена заштита на секои 60 дена".

Во ставот 2 зборот "две" се заменува со зборот "една".

Член 8

Во членот 57 зборот "две" се заменува со зборот "една".

Член 9

По членот 57 се додава нов член 57-а, кој гласи:

"Член 57-а

Невработеното лице кое нема да ја извести Агенцијата за вработување за промените што влијаат за стекнување и губење на правата,а од страна на инспекцискиот орган се затекна да работи спротивно на закон или одбие работно ангажирање за вршење на јавни работи, се брише од евиденцијата на невработените лица и може повторно да се пријави по истекот на една година."

Член 10

Во членот 59 алинеја 11 по зборот "дејност" се става точка, а зборовите до крајот на алинејата се бришат.

Во алинејата 12 зборовите: "кај работодавец" се бришат.

По алинејата 12 се додаваат четири нови алинеи 13, 14, 15 и 16 кои гласат:

"- замине на отслужување или дослужување на воениот рок;

- одбие работно ангажирање за вршење на јавни работи;

- работно се ангажирање за вршење на јавни работи:

- работно се ангажира на јавни работи над 30 дена за времето на ангажирање во јавните работи.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Инспекцискиот орган за лицата од ставот 1 алинеја 12 на овој член е должен писмено да го извести Центарот за социјална работа и Аенцијата за вработување."

Член 11

Во членот 66 во воведната реченица зборовите: "е уплатуван придонес за вработување" се заменуваат со зборовите:" се уплатувани придонеси на плата".

Член 12

Во членот 68 став 1 третиот ред бројот "12" се заменува со бројот "24".

Член 13

Членот 69 се брише.

Член 14

По членот 72 се додава нов член 72-а, кој гласи:

"Член 72-а

Неисплатениот дел од паричниот надоместок може по барање на невработеното лице да се исплати во еднократен износ или во месечни рати, но не подолго од 24 месеца, доколку средствата се користат за засновање работен однос на неопределено време.

Корисникот на средствата од ставот 1 на овој член е должен да ги врати искористените средства на Агенцијата за вработување доколку на лицето му престане работниот однос не по негова вина, пред истекот на двојно повеќе време од времето за кое користел средства, со банкарска камата на средствата по видување.

Лицето од ставот 1 на овој член не може да биде евидентирано како невработено лице двојно повеќе време од времето за кое му е исплатен паричниот надоместок во еднократен износ или на рати."

Член 15

Во членот 77 алинеја 9 по зборот "работа" се става запирка и се додаваат зборовите: " е работно ангажирање или врши дејност спротивно на закон", а зборовите: "кај работодавецот" се бришат.

Член 16

Во членот 85 став 2 вториот ред по зборот "работа" се додаваат зборовите: "не помал од утврдениот износ на платата за ист вид на работи според колективен договор".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Организаторот на работите кој работно ќе ангажира невработено лице корисник на паричен надоместок, на јавни работи над 30 дена, има право на надомест од Агенцијата за вработување, месечно во висина на паричниот надоместок на ангажираното невработено лице, но не повисок од утврдената висина во ствот 2 на овој член. Правото на надоместок трае до истекот на правото на паричниот надоместок на лицето, а најдолго до завршувањето на работното ангажирање на невработеното лице."

Член 17

Во членот 87 став 1 и во другите одредби од овој закон зборовите: "бироа за вработување" се заменуваат со зборовите: "центри за вработување".

Член 18

Во членот 89 ставот 2 се менува и гласи:

"Управниот одбор е составен од девет члена од редот на стручни лица со познавање или искуство во областа на вработувањето, од кои пет претставници именува Владата на Република Македонија, а по два претставника се именуваат од организацијата на работодавците и организацијата на мнозинскиот синдикат за време од четири години, со право на повторен избор.

Член 19

Во членот 90 алинеја 12 по зборот "до" се додаваат зборовите "министерството надлежно за работите на трудот и".

Член 20

Членот 91 се менува и гласи:

"Со Агенцијата за вработување раководи директор.

Директорот на Агенцијата за вработување и заменикот на директорот ги именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на министерот надлежен за работите на трудот.

За директор на Агенцијата за вработување и за заменик на директорот може да биде именувано лице кое има висока стручна подготовка и најмалку пет години работно искуство по дипломирањето.

Мандатот на директорот и на заменикот на директорот трае четири години, со можност за повторен избор."

Член 21

Во членот 93 во воведната реченица по зборот"Директорот" се додаваат збворовите: "и заменикот на директорот".

Член 22

Во членот 97 се додава нов став 1, кој гласи:

"Агенцијата за вработување има право да врши увид кај работодавците во врска со остварување на правата и обврските на лицата и на ористењето на средствата, согласно со овој закон."

Ставовите 1, 2 и 3 стануваат ставови 2, 3 и 4.

Член 23

Во целиот текст на Законот зборовите: "Заводот за вработување за вработување" се заменуваат со зборовите: "Агенцијата за вработување".

Член 24

По членот 99 се додава нов член 99-а, кој гласи:

"Членот 99-а

Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон Агенцијата за вработување и агенциите за посредување за вработување се должни да ја усогласат својата организација и работење, согласно со овој закон."

Член 25

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ**

**НА НЕВРАБОТЕНОСТ**

(законот е објавен во Службен Весник на РМ бр.4 од17 јануари 2005г.)

член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност(Службен весник на Република Македонија бр.37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003 и 37/2004), во членот 58 став 2 зборот *две* се заменува со зборот една.

член 2

Во членот 60 став 1 зборовите веднаш по се заменуваат со зборовите во рок од осум дена од денот на.

член 3

Во ставот 66 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

За остварување право на паричен надоместок како време поминато во работен однос не се смета времето за кое невработеното лице примало паричен надоместок.

член 4

Во членот 68 став 2 по зборовите повеќ од се додаваат зборовите 80% од.

член 5

Во членот 71 ставот 2 се менува и гласи:

Паричниот надоместок на невработено лице се исплатува:

1) три месеци, ако има стаж на осигурување најмалку девет месеци во непрекинато траење или 12 месеца со прекин во последните 18 месеци;

2) четири месеци, ако има стаж на осигурување 24 месеци во непрекинато траење или 36 месеци со прекин во последните четири години;

3) шест месеци, ако има над пет до десет години стаж на осигурување;

4) осум месеца, ако има над 10 до 15 години стаж на осигурување и

5) 12 месеца, ако има над 15 години стаж на осигурување.

Ставот 3 се менува и гласи:

На невработено лице кое има над 15 години стаж на осигурување, а на кое му недостасуваат најмногу до пет години пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, паричен надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапување на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок.

член 6

Во членот 75 став 1 алинеја 2 сврзникот и на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинеја 3 точката се заменува со сврзникот и.

По алинеја 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

-работно е ангажирано или врши дејност.

член 7

Во членот 77 став 1 алинеја 7 зборот оспособување се брише.

член 8

Во членот 78 став 1 третиот ред по зборот надоместок, се додаваат зборовите: од членот 65 на овој закон, а зборовите: 55 години возраст и најмалку 15 години стаж на осигурување се заменуваат со Зборовите: 15 години9 стаж на осигурување, а на кое му недостасуваат најмногу до 5 години пред исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија.

член 9

Во членот 98 став 1 зборовите: влегувањето во сила на овој закон се заменуваат со зборовите: вработувањето на нови работници.

член 10

Невработеното лице кое на денот на влегување во сила на овој закон е корисник на паричен надоместок или друго право, продолжува да го користи тоа право.

Поднесените барања за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност, ќе се решаваат според законот кој важел во моментот на започнување на постапката.

член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавување во Службен весник на Република Македонија.